Врз основа на член 77-а од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07,116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16,120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19), Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и пријавата за вработување во зависоност од категоријата и нивото на работното место за кое се објавува оглас во Националната установа Камерен оркестар на Битола – Битола бр.02-3/5 од 26.01.2024година, Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работното место во јавниот сектор, преку вработување и пријавата за вработување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавниот сектор ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.34/15), Правилникот за полагање на аудиција во Националната установа Камерен оркестар на Битола – Битола бр.02-3/6 од 26.01.2024година, Одлука за објавување на јавен оглас за вработување бр.1/2024,арх.бр. 04-4/1 од 26.01.2024 година и Известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-1604/2 од 24.01.2024 година, се објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КАМЕРЕН ОРКЕСТАР БИТОЛА
бр. 03-511
26.01 20 24 год.
Битола

## ЈАВЕН ОГЛАС
За вработување
Бр.01/2024

Националната установа Камерен оркестар на Битола – Битола има потреба од вработување на единаесет (11) лица за следните работни места:

1.Прва виолина тути (две лица) со шифра КУЛ 03 04 А05 007 категорија А- уметници ниво А05, на неопределено време со основна нето плата: 48.946,00;
2.Втора виолина тути (две лица) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А- уметници ниво А06, на неопределено време со основна нето плата: 45.256,00;
3.Заменик водач на група гудачки иструменти-виола (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А04 014 категорија А- уметници ниво А04, на неопределено време со основна нето плата: 53.779,00;
4.Тути гудач виола (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А- уметници ниво А06, на неопределено време со основна нето плата: 45.258,00;
5.Водач на група гудачи – виолончело (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А03 013 категорија А- уметници ниво А03, на неопределено време со основна нето плата: 58.549,00;
6.Заменик водач на група гудачки иструменти-виолончело (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А04 015 категорија А- уметници ниво А04, на неопределено време со основна нето плата: 53.780,00;
7. Водач на група гудачи – контрабас (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А03 014 категорија А- уметници ниво А03, на неопределено време со основна нето плата: 58.549,00;
8.Друг уметник прва група – пијанист (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А03 020 категорија А- уметници ниво А03, на неопределено време со основна нето плата: 58.549,00 и
9.Дувач прва група прва флејта (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А03 008 категорија А- уметници ниво А03, на неопределено време со основна нето плата: 58.549,00.

**Посебни услови:**

- степен и вид на образование: високо образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен или средно стручно,музичко училиште;

- работно искуство: ниво А03 три години во струката, ниво А04 две години во струката, нивоата А05 и А06 една година во струката.

Согласно Годишниот план за 2024 година бр.03-23/1од 25.12.2023 година, вработувањата се предвидени за Македонци/ки. Известување од Министертсвото за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-1604/2 од 24.01.2024 година.

Дневното и неделното работно време за огласените работни места се организира, согласно месечниот план за проби и концерти, а во рамките на 40 часовно неделно работно време.

**Кандидатите за работните места треба да ги исполнуваат општите услови:**

- да е полнолетен
- да има општа здраствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- да е државјанин на Република Северна Македонија

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава со приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја спуштат од веб страната www.chamberorchestrabitola.com

Пријавата кандидатите се должни да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.Со пријавата треба да се достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови.

**Кандидатите кон пријавата треба да приложат:**

- кратка биографија;
- доказ за завршено образование;
- доказ за работно искуство во струката;
- уверение за државјанство;
- доказ дека не е изречена казна забрана за вршење на професија,дејност или должност ( не постара од 6 месеци) и
- доказ за општа здраствена способност за работното место ( не постара од 6 месеци).

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.Кандидатите со пријавата доказите за исполнување на бараните услови во овај оглас, да ги достават во оргинал форма или копија заверена на нотар.

Пополнетите пријави заедно со потребните документи, кандидатите да ги достават во НУ Камерен оркестар на Битола – Битола( во просториите на НУ Центар за Култура – Битола кај лицето Билјана Димовска) од 09:00 до 15:00 часот или по пошта на адреса : Националната установа на Камерен оркестар на Битола – Битола ул.Широк Сокак" бб 7000 Битола( со назнака„јавен оглас број 01/2024), лице за контакт Владимир Димовски 076/248-802.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 15 дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневните весници. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок определен во член 23 став 2 од Законот за работни односи.

За работните места наведени во огласот, ќе се спроведе административна селекција и аудиција на пријавените кандидати од страна на надлежната Комисија формирана за спроведување на постапката за вработување.Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на веродостојноста на доставените податоци и докази доставени по јавниот оглас.

Пријавените кандидати, кои ја поминале административната селекција за датумот и местото за одржување на аудицијата, ќе бидат известени на нивните емаил адреси, телефонските броеви кои се наведени во пријавата за вработување и на интернет страната на институцијата.

Кандидатите за полагање на аудицијата, треба да подготват еден став од циклично дело, виртуозно дело по избор (без корепетиција) и свирење прима виста на оркестарски делници на денот на аудицијата.

Ненавременеата, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување НУ Камерен оркестар на Битола – Битола .

НУ Камерен оркестар на Битола – Битола
ВД Директор
Владимир Димовски